ЈУГА МАКЕДОНИЈА - РЕПУБЛИКА Е МАЌЕДОНИ
МИНИСТЕРСТВО ... ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО И Е...
...TARISË DHE EKONOMISË ...
...Управа за хидрометеоролошки работи
...për punë hidrometeorologjike
Број 04-1005/2
24. 11 2023 год.
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 30 став (1) алинеја 2 и член 48 и член 49 од Законот за административни службеници службеници ("Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на РСМ" број 275/2019, 14/20, 2015/2021 и 99/2022), Известувањето за обезбедени финансиски средства број 18-6996/2 од 20.06.2023 година од Министерството за финансии, како и Правилникот за формата и содржината на итнерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ" Бр.11/2015 и 35/2018), в.д. директорот на Управата за хидрометеоролошки работи објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 03/2023**
**за унапредување на административен службеник**
**во Управата за хидрометеоролошки работи**

Управата за хидрометеоролошки работи објавува Интерен оглас за унапредување на 1 (еден) административен службеник, на следното работно место:

1. Виш соработник за електроника и телекомуникации, во Одделението за информатика и техника, Сектор за прогноза и предупредување, шифра УПР 01 01 В02 000, 1 (еден) извршител

**Посебни услови:**
Стручни квалификации – ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Инженерство и технологија-Електрично инженерство, електронско инженерство, информатичко инженерство или Машинско инженерство

Работно искуство – најмалку две години работно искуство во струката

**Потребни општи работни комптенции на средно ниво:**
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг
- учење и развој
- комуникација
- остварување резултати
- работење со други/тимска работа
- Стратешка свест
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни
- финансиско управување

**Потребни посебни работни компетенции:**
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

**Работно време**: Од понеделник до петок од 07,30-08,30 до 15,30-16,30 часот
**Работни часови:** 40 часа неделно
**Нето месечна плата**: 29.579,00 денари

Кандидатот кој аплицира на интерниот оглас, треба да ги исполнува и следните општи услови:

- Да е државјанин на Република Македонија
- Активно да го користи македонскиот јазик
- Да е полнолетен
- Да има општа здравствена способност за работното место
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на дејност или должност

На Интерниот оглас може да се јави администтративен службеник, вработен во Управата за хидрометеоролошки работи, кој ги исполнува горенаведените општи и посебни услови за пополнување на работното место, пропишани за соодветното ниво, согласно Законот за административни службеници и во Правилникот за систематизација на работните места на Управата за хидрометеоролошки работи, како и:

- Да е оценет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување
- Да е на работно место непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- Да поминал најмалку две години на тековното работно место
- Да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот оглас

Заинтересираните административни службеници поднесуваат поплнета пријава и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место (доколку истите ги немаат пртходно доставено во персоналното досие), преку архивата на Управата за хидрометеоролошки работи до Одделението за управување со човечки ресурси, на адреса Ул. Скупи Бр.28, Скопје, и на службената електронска адреса на Одделението за управување со човечки ресурси covecki.resursi@meteo.gov.mk.

Кандидатите кон пријавата, покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да приложат ги следните докази:

- Потврди за успешно реализирани обуки
- и/или потврди за успешно реализирано менторство

Рокот за поднесување на пријавата со доказите, **трае 5 (пет) дена**, сметано од денот на објавување на веб страната на Управата за хидрометеоролошки работи.

Во пријавата кандидатите се должни, под материјална и кривична одговорност, да потврдат дека податоците во Пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

НАПОМЕНА:

Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во Пријавата, или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде диксвалификуван од понатамошна постапка од овој оглас.

УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ

**УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ**

**ПРИЈАВА**
**За унапредување на административни службеници преку**

**ИНТЕРЕН ОГЛАС**

1. **Податоци за огласот:**

Број на интерен оглас _______________
Реден број на работното место за кое се пријавува _______________

2. Пријава на кандидатот:

Име и презиме____________________________________________________________
Тековно работно место____________________________________________________
_______________________________________________________________________
ниво __________________________________
Работно искуство на тековното работно место __________________________________

3. Податоци за оценување во последните 3 години, пред објавување на интерниот оглас

_______________________________________________________________________

4. Податоци за изречена дисциплинска мерка една година пред објавување на интерниот оглас (заокружете) – (ДА) (НЕ)
5. Податоци за звање на административниот службеник во последните две години пред објавување на интерниот оглас ____________________________

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во пријавата за унапредување се веродостојни, а доставените докази верни на оригиналот, и дека на барање на надлежниот орган ќе доставам доказ во оригинал или фотокопија заверена на нотар.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува во натамошната постапка.

Место и датум

____________________________

Административен службеник

Име и презиме

____________________________